ГРАФИЧКИ ДЕЛА ОД III ГЕНЕРАЦИЈА СТУДЕНТИ НА КОЛЕЏ ЗА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН ПРИ СЕМОС ЕДУКАЦИЈА

# ПРОЕКТИ НА ТАЛЕНТИРАНИТЕ КВАЛИФИКУВАНИ ДИЗАЈНЕРИ







Во Културно-информативниот центар - Скопје, од 23 до 27 јуни се одржа завршната изложба на графички дела од третата генерација студенти на Колеџот за графички дизајн при Семос Едукација. Изложбата беше организирана на иницијатива на Колеџот за графички дизајн и под покровителство на Семос Едукација.

Цел на настанот беше промоција на млади и талентирани кадри пред фирмите од графичката дејност, кои беа поканети на изложбата, и за нив ова беше одлична можност да најдат квалификувани дизајнери.

На изложбата беа претставени голем број дела, кои по избор и мислење на студентите беа издвоени како најуспешни проекти на кои работеле во текот на изминатата година.

Во текот на една учебна година севкупната програма на колеџот за графички дизајн опфати: 15 предмети, 3 официјални светски признати испити на Адобе, материјали за предавањата, консултации и помош за изработка на проектите и полагање на испитите. Програмата на Колеџот ги следи светските образовни трендови на специфично насочено образование. Обуката која студентите ја следеа во текот на изминатата учебна година беше од креативен и технички карактер, проследена со многу практична работа. Во рамките на образовната програма беа организирани и отворени денови на крајот на секој семестар за посета на фирми од соодветната дејност, во кои претставници од истите ги запознаа студентите со процесите на дизајнирање и печатење.

Семос Едукација ги промовира младите талентирани кадри.